Едодневен семинар:

**„Што уредуваат измените на Законот за градежни производи и нацрт националните стандарди?“**
(„Службен весник на РМ“, бр.104/2015 и 120/2018)
25 октомври 2018 година
11:00 – 15:00 часот

Измените на **Законот за градежни производи** („Службен весник на РМ“, бр. 120/2018) се донесени со цел да се уредат условите за пуштање на пазар на граежните производи од нехармонизирано подрачје, да се уредат условите при увоз на градежните производи, а воедно и подобрување на терминологијата во Законот.

Важно е да се нагласи дека со одредбите на Законот и понатаму се уредува надзор и контрола на градежниот производ, како на пазарот така и при вградување на истиот во градежниот објект кој е во надлежност на **надзорниот инженер** на градилиштето.

Посебно се регулира контролата на производите, односно документите кои се неопходни за пласман на производот на пазарот од хармонизирано и нехармонизирано подрачје како и контролата при нивното вградување во градежниот објект.

Согласно член 8 од Законот, од страна на Институтот за стандардизација на Република Македонија, изработени се национални македонски стандарди кои го покриваат нехармонизираното подрачје. Еден од круцијалните стандарди е и нацрт македонскиот стандард Н МКС 1016:2018 кој содржи правила кои се применуваат во врска со стандардот МКС EN 206:2014+A1:2017. Националниот документ кон МКС EN 206, кој е изработен во согласност со одредбите од наведениот стандард, ги дава критериумите за својствата, производството и сообразноста на бетонот и се користи како водич за употреба на МКС EN 206. До 30 ноември 2018 година, секој кој е заинтересиран може да гласа и да даде свој коментари по нацрт стандардот со креирање на Мој профил преку страничката на ИСРМ на следниот линк:

**Н МКС EN 1016:2018**

*www.isrm.gov.mk/mk/tc/work_programme.php*

Имплементацијата на стандардите, се очекува да придонесе зголемена ефикасност на контролата на градежните производи и спречување на нелојалната конкуренција на пазарот.

Согледувајќи го овој факт, Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија во соработка со Институтот за стандардизација на Република Македонија го организира овој семинар за стручни лица заинтересирани за подетално запознавање или надополнување на своите знаења во оваа многу значајна област.

**Обучувачи** на семинарот ќе бидат **Д-р Соња Черепналковска, дипл. град. инж., раководител на секторот за стандардизација при Институтот за стандардизација на РМ, проф.д-р Петар Цветановски претседател на техничкиот комитет ИСРМ ТК 40-Еврокодови и Национални Анекси и Вон.проф.д-р Тони Аранѓеловски, претседател на ИСРМ ТК 25-Бетон, производи од бетон и ѕидарија**

Еднодневен семинар:

**„Што уредуваат измените на Законот за градежни производи и нацрт националните стандарди?“**

(„Службен весник на РМ“, бр. 120/2018)
25 октомври 2018 година
11:00 – 15:00 часот

| Време | Тема |
|---|---|
| 10:30-11:00 | Регистрација на учесници |
| 11:00-12:15 | **Д-р Соња Черепналковска**<br><br>**Закон за градежни производи (ЗГП) 104/2015 и наговите измени 120/2018:**<br><br>- Општи одредби на Законот;<br>- Основни барања за „ГП“;<br>- Права и обврски на економските оператори;<br>- Хармонизирани и нехармонизирани подрачја;<br>- Оцена и потврда на постојаноста на својствата (системите за оцена 1+,1,2+,3,4);<br>- Општи барања за контрола на производот;<br>- Тела инволвирани во системите за оцена;<br>- Увоз на градежни производи;<br>- Рокови за примена на Законод од хармонизирано и нехармонизирано подрачје<br>- Контрола од надзорниот инженер и инспекцискиот надзор. |
| 12:00-12:30 | **Кафе пауаза** |
| 12:30-13:15 | **Вон. проф. д-р Тони Аранѓеловски**<br><br>**Н МКС 1016:2018 – Бетон - Спецификација, својства, производство и сообразност - Правила за употреба на МКС EN 206:2014+A1:2017**<br><br>Придобивки од имплементација на стандардот;<br><br>Како да го прочитаме и како да гласаме по нацрт стандардот; |
| 13:15-14:00 | **проф. д-р Петар Цветановски**<br><br>**Н МКС 1019:2018 – Испитување на мостови со пробно товарење;**<br><br>**Н МКС 1020:2018 – Испитување на конструкции од високоградба со пробно товарење и испитување до лом.**<br><br>Придобивки од имплементација на стандардот;<br><br>Како да ги прочитаме и како да гласаме по нацрт стандардите; |
| 14:00-15:00 | - Дискусија;<br>- Евалуација;<br>- Доделување сертификати. |